РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број / Numer: 03-70
25.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 14 и 29 став 2 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 63/24, 74/24 и 218/24), Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 година и Заклучокот бр.02-737/11 од 24.02.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 24.02.2025 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми (ЗМ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 28 јануари 2025 г., не ги објави податоците за импресум на снимката од фестивалот на албанските песни и ора, на снимката од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и на снимката од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Во точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, утврдено е дека за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството.

Според членот 14 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум. За радиодифузери погоре наведената обврска се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми. Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци: име и презиме на авторот на објавениот прилог, име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите, датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело, потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото, името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Согласно Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г., кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што: на најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има); името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата; името и презимето на ко-авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата) и датум на продукцијата (месец и година). Доколку е применливо, треба да се објават и податоци за: името на правното лице, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивското дело, односно репродукцијата на делото и името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 4-ти февруари 2025 г., изврши контролен административен надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, емитуван на 28-ми јануари 2025 г. при што констатираше дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена Уп1 03-353 од 26.12.2024 г., односно не ја отстранил извршената повреда на членот 14 од ЗМ.

Конкретно, со надзорот е констатирано дека спротивно на ЗМ и на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум беа емитувани: снимка од фестивалот на албанските песни и ора, снимка од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и снимка од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука. Имено, согласно ЗМ и наведеното Упатство, на соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, радиодифузерот е должен да ги емитува податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на содржината: - *името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; - името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата; - името и презимето на уредникот / авторот / водителот на емисијата; - името и презимето на коавторите, односно севкупната ТВ-екипа со удел*

*во целината на аудиовизуелното дело; - називот на субјектот што ја произвел програмата; - датумот на продукцијата.*

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум, наслов на емисијата, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, на 06.02.2025 г., испрати Допис наш арх.бр.10-558/2 од 06.02.2025 г. со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 13.02.2025 година, за што ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 24.02.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 и 29 став 2 од ЗМ, Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-737/11 од 24.02.2025 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1. на ова Решение, Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 24.02.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-558/1 од 04.02.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
- Управителот на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено: Pranuar: | | 04.02.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 558/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 28 јануари 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 февруари 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 26.12.2024 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-353 од 26.12.2024 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (30.12.2024 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, емитуван на 28 јануари 2025 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на Законот и на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум беа емитувани: снимка од фестивалот на албанските песни и ора, снимка од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и снимка од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

На соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, радиодифузерот е должен да ги емитува податоците со кои се идентификуваат авторите што

учествувале во подготовката на содржината: - *името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; - името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата; - името и презимето на уредникот / авторот / водителот на емисијата; - името и презимето на коавторите, односно севкупната ТВ-екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; - називот на субјектот што ја произвел програмата; - датумот на продукцијата.*

28 јануари 2025 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | почеток | крај |
| Снимка од фестивалот на албанските песни и ора | 00:00:00 | 01:19:40 |
| Снимка од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша | 12:59:20 | 14:03:40 |
| Снимка од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука | 14:30:36 | 15:38:20 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, на 28 јануари 2025 година, не ги објави податоците за импресум на снимката од фестивалот на албанските песни и ора, на снимката од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и на снимката од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 26.12.2024 година, ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, и во согласност со точката 7 од Упатството, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***